# ВОДИЧ ЗА

## РОДОВО ОДГОВОРНО
## **БУЏЕТИРАЊЕ**



Изработката и објавувањето на овој водич е дел од проектот „Зајакнати – Градиме родово одговорно буџетирање во Шуто Оризари“, поддржан од Хелсиншкиот комитет, во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија – Фаза 2“, финансиран од Швајцарија, како и програмата „Промовирање на родово одговорно управување во Република Северна Македонија“, финансирана од Шведска.

Ставовите и мислењата изразени во овој водич се ставови на авторите и не мора нужно да ги одразуваат официјалните ставови на Хелсиншкиот комитет, UN Women, Обединетите нации, ниту на Швајцарија и Шведска како донатори. Ниту една од овие институции, ниту кое било лице што дејствува во нивно име, не може да биде повикано на одговорност за каква било употреба на информациите содржани во овој водич.

# ШТО Е РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ (РОБ)?



Родово одговорно буџетирање (РОБ) значи јавните пари да се трошат на начин што ги зема предвид различните потреби на жените и мажите во локалната заедница и општеството.

РОБ е начин да се утврди дали буџетот е фер, дали е распределен на правичен начин и дали сите жители (жените и мажите) имаат еднаков пристап до услугите и можностите на локално ниво.

## Што не е РОБ?

- Не е посебен буџет само за жените
- Не значи автоматска поделба на паричните средства на 50/50.
- Не значи дека мора да се трошат повеќе пари.
- Целта е правична распределба според потребите на жените и мажите.

## Зошто РОБ е важен концепт ?

Во многу општества и локални заедници, жените и мажите немаат еднаков пристап до:

- Вработување и приходи;
- јавни услуги;
- социјална и здравствена заштита;
- можности за учество во одлучување.



## Жените често носат поголем товар на:

- неплатена домашна работа;
- грижа за деца;
- грижа за стари лица;
- грижа за лица со попреченост.

Затоа ни е потребно

- кој има корист од јавните средства;
- кој е исклучен од буџетските процеси;
- кои услуги недостасуваат во локалната заедница;
- како јавните средства да се распределат на фер и праведен начин за сите.

## Со што се соочуваат жените од општина Шуто Оризари?

Жените во општината почесто користат јавен превоз, пешачки патеки и локални здравствени услуги. Поради нередовните автобуски линии жените не можат да ги користат веќе купените билети. Тие се принудени да трошат средства за такси превоз и се изложени на двоен трошок. Ова дополнително го оптоварува домашниот и семејниот буџет.



**58 %**

Дали знаевте дека 58% од жените не се чувствуваат безбедно кога се движат навечер, кога се враќаат од работа?



Дали знаевте дека 34,3% од жените во општината немаат пристап до јавен превоз?

**34,3 %**

> ***Многу споредни улички се темни и неосветлени и жените се плашат да се движат сами.***

## КАКО ОПШТИНАТА МОЖЕ  ДА ГИ РЕШИ ОВИЕ ПРОБЛЕМИ И ДА БИДЕ РОДОВО ОДГОВОРНА ОШТИНА?



Инвестициите на локално ниво треба да бидат во:

- редовни и навремени автобуски линии
- безбедни улици и улично осветлување
- тротоари и пристапни рампи (за пристап на мајки со деца и лица со попреченост)
- инвестиции во игралишта за деца

Во училиштата многу често недостасуваат сапун, тоалетна хартија, течен сапун и учениците мора да си носат од дома, а ова го оптоварува домашниот буџет.



### Како општината да го реши ова?

- Да предвиди финансиски средства односно да буџетира за хигиенски производи
- Да субвенционира бесплатни производи за менструална хигиена и предвиди локален буџет за менструална хигиена

### Дали знаевте дека:

*„Јавни простори односно паркови има, но повеќето не се во добра состојба. Реквизитите исто така не се во добра состојба.Нема доволно канти за отпадоци.”*

*„Нередовното собирање смет и скршени контејнери создаваат ризик од зарази посебно за децата и жените кои најчесто се грижат за нив.”*

*На  одредени локации во општината има депонии кои предизвичуваат здравствени проблеми на граѓаните.*



# 30 %

од жените се соочуваат со чест недостаток на вода односно немаат редовно пристап до чиста питка вода.

## Како општината да го реши ова?

- Да обезбеди редовно водоснабдување
- Да инвестира во паркови, игралишта и места каде децата и постарите би можеле да се собираат
- Да инвестира во поголем број корпи за отпадоци и поголем број контејнери
- Редовно и навремено да се собира сметот
- Да ги отстрани депониите подалеку од населени места

## Дали знаевте дека:

***Во делот на здравството нема доволен број или пак воошто нема дежурни лекари, посебно ограничени се здравствените услуги за време на викенди, итната помош или премногу доцни или воопшто не доаѓа во општината?***

## Како општината може да го реши ова?

- Да се обезбедат поголем број на дежурни лекари за време на викенди
- Да се обезбеди амбулантно возило на ниво на општина
- Да се инвестира во локалното здравство
- Да се спроведат кампањи за планирање на семејството и контрацепција

## Дали знаевте дека:

***Жените се помалку вработени и економски неактивни и дека во општината нема подружница на Агенцијата за вработување?***

## Како родово одговорна мерка, општината може да:

- предвиди посебни мерки за вработување и самовработување на жени во
- рамки на општинските програми
- да предвиди посебни грантови за жени
- да отвори информативно биро и/или подружница на АВРМ за жените да
- имаат побрз и полесен пристап до огласи за вработување
- да организира и спроведе обуки за вработување и самовработување
- обуки за развој на дигитални вештини
- да предвиди посебни мерки за специфични категории на жени (самохрани мајки, жени жртви на семејно и родово базирано насилство, млади жени и девојки)
- да субвенционира градинки, игротеки дневен престој

## Дали знаевте дека:

***92%** од жените никогаш не биле повикани на средба, состанок со локалните власти и не биле воопшто консултирани за локални програми и стратегии? **84%** од жените сметаат дека нивниот глас и нивните потреби воопшто не се слушани од надлежните општински власти.*



**ГЛАСОТ НА ЖЕНИТЕ** Е ВАЖЕН БИДЕЈЌИ ЖЕНИТЕ НАЈДОБРО ГИ ПОЗНАВААТ **ПРОБЛЕМИТЕ И ПОТРЕБИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА**

## Како жените можат да се вклучат во креирање на општинскиот буџет?

- Да присуствуваат на јавни расправи и буџетски форуми
- Да предложат проблеми од нивната населба кои треба да се решат
- Да поднесат иницијативи до општината
- Да учествуваат во средби и анкети со локални женски и други организации

## Кој учествува во процесот на РОБ на локално ниво?

- Градоначалникот кој треба да се заложи за вклучување на родовиот концепт при подготовката на буџетот на општините
- Советниците во Советот на локалната самоуправа кои треба да го препознаат и вклучат РОБ во сите фази на подготовка на програмите и буџетот
- Координаторите за еднакви можности на жените и мажите, кои со својата стручност од областа на еднаквите можности треба да им дадат насоки и да им помогнат на институциите во процесот на подготовка на политиките, програмите и буџетите.
- Локалните женски и граѓански организации
- Жените од локалната заедница

| Проблем | Родово одговорна буџетска мерка |
|---|---|
| **Јавен превоз** | • Редовен и достапен јавен превоз за сите |
| **Инфраструктура и осветлување** | • Подобрување на комунални услуги, водоснабдување и инфраструктура.<br>• Редовно собирање на комуналниот отпад и системско отстранување на дивите депонии.<br>• Инвестирање во реконструкција и проширување на јавното осветлување, особено во улиците и јавните простори што ги користат жените и децата.<br>• Реконструирање на постојните и изградба на нови паркови, детски игралишта и безбедни јавни простори.<br>• Подобро јавно осветлување |
| **Училишта и градинки** | • Издвојување на буџет за производи за хигиена и менструална хигиена во училиштата.<br>• Поголеми капацитети во градинката, нови градинки.<br>• Детски игралишта и игротека |
| **Здравство** | • Инвестиции во локално здравство (дежурни служби и повеќе доктори, амбулантно возило).<br>• Редовни едукативни активности за репродуктивно здравје, планирање на семејството и контрацепција. |
| **Вработување** | • Отворање локални институции (подружница на Агенцијата за вработување, ФЗО, банки).<br>• Бесплатни обуки и прилагодени мерки за решавање на невработеноста на жените.<br>• Лесно достапни и видливи информации за слободни работни места и мерки на агенцијата за вработување |
| **Учество и глас на жени во локални политики** | • Општината да вклучи жени во процесите на донесување одлуки и воспостави редовен консултативен механизам за соработка со женски организации на територија на општина.<br>• Да ја зајакне довербата со женските граѓански организации како преставници на жени преку редовни консултативни состаноци. |

## Прашања што можат да ги поставаат жените

01 Дали има доволно места во градинките?

02 Дали улиците се безбедни?

03 Дали постојат програми за вработување на жени?

04 Кој ги користи општинските услуги? Кој има корист од програмите?

05 Дали буџетот на програмите ги намалува или зголемува нееднаквостите меѓу жените и мажите на локално ниво?

